Врз основа на чл. 383 ст.1 т.1 и 417 и Законот за трговски друштва и чл. 133, 135 и 136 од Статутот на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи ДИМКО МИТРЕВ АД увоз-извоз Велес (во понатамошниот текст:"Друштво"), **Собранието** на Друштвото Димко Митрев АД Велес на својата седница одржана на **28.05.2014** година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за измени и дополнувања на Статутот на Димко Митрев АД Велес со пречистен текст

**1.** Измените и дополнувањата на Статутот на Димко Митрев АД Велес се однесуваат на следново:

**1.**Членот **14 т.1** се менува и гласи :

***т.1 - 37.584 обични акции*** *односно* ***93.96 %*** *од кои:*

*а)* **36.584 обични акции односно 91,46%** *откупен акционерски капитал во вредност од* ***1.870.539,92 ЕУР***

***б) 1000 обични акции,*** *односно* ***2.5%*** *резервиран капатил за поранашните сопственици во вредност од* ***51.130,оо*** *ЕУР*"

***т. 3*** останува непроменета односно гласи:

***2.416 - приоритетни партиципативни акции односно 6,04%*** *на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Р. Македонија во вредност од 123.530,00 ЕУР.*

***т.5*** се менува и гласи:

**- 1000 обични акции** односно 2,5% резервиран капитал за поранешните сопственици во вредност од 51.130,00 ЕУР

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно чл. 26 од Законот за изменување и дополнување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Сл. Весник на РМ 21/98 од 08.05.1998 год), укажувањата на Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ во координација со Министерството за финансии на РМ - известувањето бр. 10-17557/2 од 28.05.2014 година од Министерството за финансии на РМ:

досегашните **1000** - **приоритетни** акции (2.5%) резервиран капитал за поранешните сопственици треба да **се претвораат во обични акции**.

овие акции се водат на бр. на сметка 1003051940 под ИБ 04064585 во ЦДХВ - Министерство за финансии

Од тие причини Собранието на Друштвото АД Димко Митрев Велес на својата седница одржана на 28.05.2014 година донесе одлука за измени и дополнување на статутот на АД Димко Митрев Велес во таа насока.

Собранието на акционери на друштвото АД Димко Митрев Велес *го овласти Одборот на директори на АД Димко Митрев Велес да подготви пречистен текст на статутот имајќи ја во предвид оваа одлука и промената ја регистрира во Централниот Регистер на Република Македонија како и во Централниот Депозитар на Република Македонија.*

Оваа одлука е составена на начин на кој поединечно, по членови се истакнати направените измени и дополнувања на Статутот на АД Димко Митрев Велес.

Измени и дополнувања се направени во следниве одредби од Статутот:

- во чл. 14 т.1 наместо 36.584 или 91,46% обични акции сега вкупно има **37.584 или 93,96% обични акции** од кои
  - **36.584 или 91.46%** откупен акционерски цапитал во вредност од 1.870.539,92 ЕУР и
  - наместо **1000 приоритетни** акции или 2,5% во вредност од 51.130,00 ЕУР резервиран капитал за поранешните сопственици сега имаме согласно погоренаведените законски одредби
  - во т.5 -1000 - **обични** акции или 2.5% резервиран капитал за поранешните сопственици во вредност од 51.130,00 евра
  - точката -3 останува непроменета

Другите одредби на статутот останувааt непроменети

Собранието *го овласти Одборот на директори на АД Димко Митрев Велес да подготви пречистен текст на статутот имајќи ја во предвид оваа одлука.*

*Собранието ги овласти лицата :*
*-Анѓел Шоптрајанов ул. Кузман Јосифовски бр. 31 Велес*
*ЕМБГ 2004974480006 Адвокат од Скопје и*
*Никола Шоптрајанов ул. Кузман Јосифовски бр. 31 Велес*
*ЕМБГ 2402984480014 Адвокат од Скопје*

*Да ја подготват сета потребна документација и спроведат промените од оваа одлука во Централниот регистрар на Република Македонија и Централниот депоситар за Хартии од Вредност на РМ.*

**Претседавач на собрание на Акционери**
**Никола Шоптрајанов**

________________________________